Бр./Nr 12-277/3

17-03-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на ден 10.03.2026 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2988/1 од 13.11.2025 година, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, поради тоа што предметот на пријавата се однесува на постапка која е во надлежност на друг државен орган – Управниот суд на Република Северна Македонија, каде постапката веќе е во тек.

Предметот со број 12-2988/1 од 13.11.2025 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 13.11.2025 година, од страна на -------- е поднесено Барање за добивање статус на заинтересирано лице во предметот У2.бр.----, во кој лицето ------ од ---- постапува како тужител во постапка за денационализација против Решението на Комисијата за денационализација за општините Струмица, Радовиш, Валандово, Штип, Пробиштип, Берово, Делчево, Виница, Кочани, Кисела Вода, Велес, Неготино, Кавадарци, Свети Николе и Гевгелија, со седиште во општина Кисела Вода – Скопје (ДН.бр.-------) од --.--.2025 година).
Барањето истовремено е доставено и до Управниот суд на Република Северна Македонија.

Подносителот наведува дека е сопственик на парцели КП -----/2 и КП -----/3 за КО ------. Според него, поради спорот за денационализација со Општина -----, не може да биде донесен новиот Детален урбанистички план (ДУП) за овој дел од градот. Новиот ДУП има посебно значење за него за реализација на предвидените проекти.

Кон пријавата се приложени и документи од кои може да се утврди дека постапката е веќе во тек пред Управниот суд (предмет У2.бр.------).

ДКСК, постапувајќи по пријавата, утврди дека предметот се однесува на имотно-правни прашања кои не се во надлежност на Комисијата, туку спаѓат во судска надлежност. За евентуалните незаконитости при постапувањето на Комисијата за денационализација веќе се води управен спор пред Управниот суд.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата